ISSN 1857-5307

# FOLIA ARCHAEOLOGICA BALKANICA

*In Honorem*
*Verae Bitrakova Grozdanova*



Скопје 2006

Ратко Дуев

# Епски пејачи во Микенскиот свет?

УДК: 398.87-05(388.3)

Институт за класични студии,
Филозофски факултет, Скопје
e-mail: r_duev@mt.net.mk

**1.** Откако М. Вентрис успеал да го дешифрира линеарното Б писмо во 1952 г., со што е потврдено дека станува збор за грчки јазик, и негова поврзаност со Хомеровиот јазик, многумина очекувале дека на плочките ќе пронајдат *аојди*[1] или пак некој назив за пејачи на песни придружувани со лира (форминга или китара), коишто ги забавувале големците во раскошните палати откриени во Пилос, Кносос, Микена, Тиринт, Теба итн. Но очекувањата дека плочките ќе го расветлат потеклото на аојдите и на Хомеровите епови, не се исполниле. Малкуте сведоштва дури и ги наведуваат научниците да помислат дека таков вид поезија не постоела во бронзеното доба, особено во микенската цивилизација. Мислењата се поделени. Едни сметаат дека постоела епска традиција, а други не. Но, всушност образложенијата на сите оние кои го истражувале овој проблем не се поткрепени со сведоштва кои би придонеле да се прифатат овие две спротивставени мислења.

**2.** Меѓу класичните филолози, археолози и историчари, за појавата на аојдите, најраширена е теоријата на Г. С. Кирк, којшто смета дека епската поезија се појавува со културното опаѓање во Мрачното доба.[2] Како еден вид носталгија, постмикенските Грци ги оживеале сеќавањата за славното херојско минато од микенскиот период преку епската поезија. Ова повеќе наликува на една романтична визија. С. Дегер-Јалкоци додава дека по пропаста на дворците, преживеаното население се повлекло во планините и нивното сеќавање за величината на микенската цивилизација извршило влијание врз останатото население, што го поттикнало создавањето на епската традиција.[3] C. J. Ruijgh се сомнева во теоријата на Г. С. Кирк,[4] бидејќи смета дека формулаичниот стих:

---

[1] ἀοιδός како што Хомер го нарекува пејачот кој пее епски песни.

[2] G. S. Kirk, *Homer and the Oral Tradition*, Cambridge 1976.

[3] Писмо од 15. III 2001 г.

[4] Писмо од 22. I 2001 г.

Μηριόνης τάλαντος Ἐνυαλίῳ ἀνδρειφόντῃ ...[5]
*и Мерион, што бил ист как' убиецот бог Енијалиј;*[6]

мора да води потекло од микенскиот период.[7] Епската поезија на микенските пејачи би можела да се однесува на херои од далечното минато, но, исто така, и на херои од блиското минато. Можеби познатата фреска, на која е претставена опсада на град, пронајдена во Акротири на Тера, наликува на сцена од епски киклос од минојската цивилизација, но никој тоа не може да го докаже. C. J. Ruijgh претпоставува дека постои лирска поезија во минојските текстови напишани со линеарно А писмо,[8] а дека епското пеење, можеби, започнува по пропаста на минојските дворци. Според А. Панајоту,[9] П. Хр. Илиевски,[10] Т. Палаима[11] и др.,[12] епското пеење има долг развој, почнувајќи од микенскиот период, преку геометрискиот период до времето на Хомер. М. Л. Вест смета дека минојските пејачи биле билингвални, та откако ги превеле своите песни, меѓу нив, можеби, и епските песни, лесно биле прифатени од новите микенски господари.[13] Според него постоела една многу конзервативна традиција на епско пеење од доцниот хеладски IIIA период (1400 г. пр. н. е.) до VI или V век пр. н. е., без да се заборави големото временско растојание и големите социјални и историски промени што се случиле во него. Многумина, пак, иако не расправаат директно за овој проблем во своите дела, сепак според самите наслови се забележува дека ја прифаќаат тезата за постоење на епско пеење во бронзеното доба во Егејот.[14]

---

[5] *Ил.* 2. 651, 7. 166, 8. 264, Р 259.

[6] Хомер, *Илијада*, препев: М. Д. Петрушевски, Скопје 1995, 2. 651, 58.

[7] C. J. Ruijgh, «La genèse du dialecte homérique,» *Жива Антика*, 50, 2000, 218-9. М. Л. Вест, анализирајќи го метарот, го проширува овој список и додава дека повеќе артефакти, кои водат потекло од бронзеното доба, и се среќаваат во Хомеровите формули (I. Morris - B. Powell (edd.), *A New Companion to Homer*, Leiden: Brill, 1997, 229-234).

[8] Писмо од 12. XII. 2002 г.

[9] A. Panayotou, «La tradition orale, Homère et les débuts de l'écritur alphabétique en Grèce,» *Жива Антика*, 50, 2000, 184.

[10] П. Хр. Илиевски, *За античката прозодија во македонски препев*, Скопје, 1997, 6.

[11] T. Palaima, "Apendix one: Linear B sources," in S. M. Trzaskoma, R. Scott Smith and S. Brunet (ed.), *Anthology of Classical Myth*, Hackett Publishing Company 2004, 442.

[12] Особено интересни се заклучоците на I. Mylonas Share во нејзината книга *Tales of Heroes: The Origins of the Homeric Texts* (New York-Athens 2000), за микенското потекло на хомерските песни, но сепак мошне критикувани од J. Burgess во *Bryn Mawr Classical Review* 2002.10.18 (http://ccat.sas.upenn.edu/bmcr/2002/2002-10-18.html). I. Mylonas Share се води повеќе од археолошките сведоштва од бронзеното доба обидувајќи се да им најде поткрепа во Хомеровите епови, но не го анализира музиколошкиот аспект на т.н. tales of heroes.

[13] M. L. West, *The East Face of Helicon: West Asiatic Elements in Greek Poetry and Myth*, Oxford, 1997, 612; cf. Р. Дуев, „Музиката кај Хомер," *Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје* 57, 2004, 396-9 (т. 6).

[14] Ц. Јангер, во својата монографија *Music in the Aegean Bronze Age* (Jonsered Sweden: Paul Åströms Förlag, 1998) не спомнува никаде постоење на епско пеење, но насловот каде зборува за микенската лира го именува како *Форминги*, со што алудира на хомерскиот инструмент и на епската традиција.

**3**. Неодамнешното откривање на тебанската плочка, TH Av 106, каде се прочитани *ru-ra-ta-e* 'двајца свирачи на лира,' внесе нова димензија во овој проблем.[15] Л. Годар смета дека сигурно станува збор за назив на пејач, којшто своето пеење го придружувал со лира, од доцното бронзено доба. *Ru-ra-ta*, како Хомер, во придружба на лира пеел песни за јуначки дела на херои.[16] Но дали е доволен овој податок од плочката за да се потврди постоењето на епско пеење во микенската цивилизација?

**4.** Сведоштвата за постоење на епско пеење во Месопотамија датираат од пред 2600 г. пр. н.е., а првите писмени споменици од околу 3400 г. пр. н.е. Епот за *Гилгамеш* се појавува на еден широк простор на Блискиот Исток и Мала Азија и во едно долго временско растојание од стариот вавилонски период до Селеукидите. Заедно со клинописното писмо се пренесувале и поетските текстови како дел од учењето за пишување. Затоа копии на ист текст се среќаваат не само во Вавилонија и Асирија, туку и во Суса, во Елам, Угарит на сириското крајбрежје, Мегидо во Палестина и Амарна во Горен Египет. Всушност клинописите ги преминале и јазичните бариери -преведени или адаптирани фрагменти на хетитски и хурски јазик се пронајдени и во Хатуса. Хетитите, исто така, ги превеле и хурските текстови како *Песната за Кумарби* и *Песната за Уликуми*. Сето ова укажува дека блискоисточните поеми се ш462ле од земја во земја во пишана форма. Во периодот на микенската цивилизација акадскиот јазик служел како службен јазик во Источниот Медитеран.[17]

К. Л. Гордон смета дека можеби епот за Гилгамеш пристигнал во Егејот на акадски јазик и заедно со преводи на други јазици (можно е и на микенски грчки), за време на амарниниот период.[18] Но, во Егејот нема траги од клинописи, ниту во архивот во Амарна е пронајдена преписка со некој минојски или микенски владетел.[19] Условите што довеле до превод

---

[15] в. поопширно Р. Дуев, „За микенската лира," *Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје* 56, 2003, 341-362.

[16] Godart, L., «Il nome dell'aedo nella Grecia dell'Età del Bronzo,» *Rendiconti dell'Accademia Nazionale dei Lincei,* s. IX, vol. XII, fas. 1, Roma 2001, 10.

[17] Ова е јасно посведочено во писмата пронајдени во архивот во Амарна, државни преписки на фараоните Аменофис III и IV, коишто датираат од 1360–1330 г. пр. н. е. Писмата биле од кралевите на Вавилон, Асирија, Митани, Хати, Арзава (југо-западна Анатолија), Кипар, Угарит и некои канаански првенци, речиси сите напишани на акадски јазик. Акадскиот јазик, најверојатно се учел во месните училишта за пишување, како официјален јазик на дипломатијата. Фараонот морал да има службеници-писари коишто одговарале на вакви писма. Во Амарна е пронајден и Египетско-акадски речник (W. L. Moran, *The Amarna Letters*, Baltimore & London 1992).

[18] C. L. Gordon, *Before the Bible. The Common Background of Greek and Hebrew Civilisations*, London 1962, 60.

[19] Иако влијанието на акадското писмо било големо, сепак имало и граници. Писар на кралот на Арзава, Тарундараду, пишал писмо до фараонот на хетитски, а на крајот на писмото додава белешка во која бара евентуалниот одговор да биде на хетитски (nesumnili), што укажува дека службеникот не знаел акадски. Ако Арзава (југозападна Анатолија) била далеку од зоната на влијание на акадското писмо, Крит и Грција биле надвор од неа.

на епот за *Гилḡамеш* на хетитски и хурски, не постоеле во микенската цивилизација.[20]

Но дали постоело пренесување на усната традиција, што е главна одлика на епското пеење, во што секако главна улога имале епските пејачи? Во Сумер митолошките и епските поеми биле потпишувани со *zà-mí - лира*, што укажува дека песните се пееле во придружба на лира. Уводниот стих започнувал со *zamāru* - ’пејам (или ќе пејам, да пејам),‘ слично на Хомеровото ἄειδε, и многу други примери кои несомнено потврдуваат дека станува збор за усна традиција.[21] При постоење на пишани текстови, се поставува прашањето како овие пејачи ги пееле своите песни, дали морале да се придржуваат до пишаната верзија или, пак, имале слобода во самата изведба? Најверојатно се држеле до текстовите како и хеленските рапсоди од V и IV век пр. н. е., коишто го рецитирале Хомер во еден постојан облик, според својата меморија или сопствената верзија на текстот.[22] Ваквиот начин на епско пеење е навистина потежок и го доведува во прашање пренесувањето на усната поезија. Но самиот факт дека постојат разни верзии на месопотамските епови, па дури при адаптацијата меѓу разни народи на Истокот се забележува додавање на цели редови на плочките, укажува дека е невозможно овие поеми да се одржат во канонична форма. Самиот начин на изведување на песните и нивната големина го менувале обликот, а и различните усни традиции коишто постоеле кај секој народ.

**5.** Покрај многуте археолошки сведоштва за присуството на разни занаетчии од Истокот и Египет во Егејот, микенските архиви донесуваат и пишани докази за присуството на туѓинци во нивното општество. На кноска плочка (KN Db 1105.B) меѓу имињата на пастири се среќава *ai-ku-pi-ti-jo* со јасна идентификација како *Aigyptios*, етник од Египет[23] и *mi-sa-ra-jo - Mis(a)raios* етник изведен од семитскиот назив за Египет[24] (уг. и фојн. *mişr* (у) ’Египјанец,‘ евр. *mişrî* ’Египтјанец,‘ *mişráyim* ’Египет‘). На пилските плочки (PY Eb 156.2, 846.A, Ep 310.2, En 74.11, Eo 247.1) е потврдено постоење на

---

[20] L. A. Stella (*Tradizione micenea e poesia dell'Iliade*, Rome 1978, 370) укажува на едно долго писмо испратено од хетитскиот крал до кралот на *Ахијава* (општоприфатено е дека се однесува на микенскиот суверен), што ја наведува на претпоставка дека мора да постоеле Микенски Грци коишто можеле да читаат клинописи. Но комуникацијата не зависи само од познавање на писмото, можеби содржината на писмото ја соопштувал усно одреден пратеник на кралот.

[21] в. поопширно M. L. West, 1997, 593–600.

[22] Ксенофонт, *Сйоменийе за Сокрай*, 4.2.10; *Гозба*, 3. 5-6.

[23] F. A. Jorro, *Diccionario Micénico*, I-II, Madrid, 1985, 136-7.

[24] F. A. Jorro, 1985, 454. Во *Одисеја* (2.15) Хомер го спомнува името Αἰγύπτιος ’Египјанец,‘ но не како туѓинец туку како име на стар жител на Итака, со потекло од островот. Иако постојат обиди името да биде изведено од некакво патување или пак мајка запленета во некој поход, сепак најчеста причина да му се даде некому име на етник е неговото потекло од дадена земја.

лично име *Ai-ti-jo-qo* - Αἰθίοψ, 'Етиопјанец,'[25] коешто се среќава во повеќе контексти, а на една пилска (PY Jn 693.8) и на една кноска плочка (KN Nc 4473) среќаваме лично име *Tu-ri-jo* на занаетчии, во коешто можно е да се крие етникот Τύριος - 'Тириец.'[26] Сигурно овие етници со себе ги носеле и своите верувања, митови и песни.

**6.** Од ликовните сведоштва може да се забележи дека сите претстави на свирачи на лира се во култен контекст.[27] Секогаш се претставени сами без други придружни инструменти, иако во источните и северноафричките цивилизации е потврдено постоењето на инструментални состави. Споредено со останатите инструменти, очигледно е дека лирата имала најголема улога во музиката на микенското општество.[28] Како составен дел на верските обреди, музиката на лирата, и самиот инструмент, Микенците ја прифатиле заедно со разните култови од Истокот, преку минојската цивилизација. Исто така според ликовните претстави на **ru-ra-ta*, се забележува дека и тие имале особена положба во општеството. Но дали тие пееле песни за јунаци од далечното минато или, пак, лирски песни?

**7.** Појавата на епското пеење не може да се врзува за крајот на микенската цивилизација, бидејќи такви катастрофи се случувале и претходно во Егејот.[29] Најголемата катастрофа, ерупцијата на вулканот Тера, се случила во средината на II милениум пр. н. е., што претставувал крај на минојската цивилизација. Според теориите на Г. С. Кирк и С. Дегер-Јалкоци, би следело дека и пропаста на минојските дворци морало да услови појава на епска традиција во микенската цивилизација.

Л. Годар поврзувајќи ги сведоштвата за *ru-ra-ta, смета дека станува збор за *аојди*, иако речиси сите претстави ги сместува во култен контекст, што се гледа и од самиот наслов на неговата статија.[30] *Ликовните* претстави

---

[25] Можеби станува збор за профилактичко име Αἰθίοψ < αἰθός 'црн, прегорен' и *oq$^{u}$- 'очи', а не етник (в. П. Хр. Илиевски, *Животот на Микенците во нивните писмени сведоштва,* МАНУ, Скопје, 2000, 324).

[26] F. A. Jorro, 1993, 378. Но, сепак можни се и други интерпретации на ова име.

[27] в. поопширно Р. Дуев, 2003, 348-352.

[28] На тоа укажуваат личните имињата *Лир* и *Кинира*, коишто биле имиња на функционери во микенското општество (Р. Дуев, 2003, 359; cf. Р. Дуев, „Авлоси (au-ro? - αὐλοί) во Микенскиот свет?," *Жива Антика* 53, 2003, 21-22).

[29] в. т. 2. Историјата сведочи за повеќе такви природни катастрофи: првата кон крајот на III милениум, што ја уништило кикладската цивилизација (J. G. Younger, 1998, X), втората околу 1700 г. пр. н. е., третата околу средината на II милениум (крајот на минојската цивилизација) и четвртата околу 1405 г. пр. н. е, крајот на Кносос (J. Chadwick, *Documents in Mycenaean Greek,* (second edition) Cambridge, 1973, 28).

[30] L. Godart, 2001, 10. Сметајќи дека овие *аојди* се среќаваат само при верски обреди, и нив ги поврзува со *ru-ra-ta-e*, на некој начин, самиот се побива. Каква улога би имале песните за јуначки дела при принесување жртва? Иако и гозбите се своевидни обреди, околу кои, и за време на самата гозба, претходеле и следувале жртвопринесувања, сепак улогата на *ru-ra-ta* е различна во чинот на обредот и во самата гозба, што покажуваат многуте сведоштва (в. горе).

не укажуваат дека станува збор за епски пејачи, бидејќи епски песни не се изведувале при верски обреди, туку најчесто епските пејачи биле присутни во дворците, пеејќи ги своите песни при разни пригоди и гозби. Хомеровите *аоjди* - Демодок и Фемиј пејат во дворци на кралеви; првиот во дворецот на кралот на Фајакијците, Алкиној, вториот во дворецот на Одисеј.[31] Честопати и самите кралеви се јавуваат во улога на пејачи. Хомеровиот Ахил во *Илијада* пее за јуначки дела, свирејќи на форминга,[32] како и кралот Давид во *Стариот Завет*, којшто бил славен во Израел како музичар којшто пеел свирејќи со кинор (китара).[33] Сепак, псалмите на кралот Давид, како симбол на псалмотворството во древниот Израел, споредени со химната за љубовта меѓу боговите Арес и Афродита во *Одисејата*, упатуваат дека во богатиот репертоар на аојдите, покрај јуначките песни влегуваат и религиозните химни.[34]

**8.** Единствено свирачот на лира насликан на фреската од Пилос[35] меѓу учесници во гозба во палатата, потсетува на епски пејач. Самата претстава, пејач со лира седнат на посебно место и издигнат, упатува на можност дека станува збор за епски пејач. Насликаната птица ја поврзува оваа претстава со насликаните птици на земјените садови од Калами,[36] каде, покрај насликаната лира,[37] е насликан чуден свирач на лира, со птичја глава. Интересно е што и двете претстави потекнуваат од ист период и што свирачот на садот е насликан, речиси, со истата големина како лирата.[38] Покрај лирата се претставени и два т.н. *Рогови за осветување*, во чии средини се наоѓаат двојни секири, симболот на микенскиот свет. Самата претстава можеби е митски мотив.[39]

Напоредно со доцниот хеладски III период (1400-1100 г. пр. н. е.), на Блискиот Исток и во Египет цутат музиката и поезијата. Епската поезија, популарноста на месопотамските епови, се раширени насекаде, заедно со клинописите.[40] Дали Егејот не го зафатил овој наплив? Непостоењето

---

[31] *Одисеја*, 1. 326-7, 7. 75-82, 266-366, 502-520.

[32] *Илијада*, 1. 186-9.

[33] *1. Цар.*, 16:16ss., итн.

[34] в. поопширно Р. Дуев, „Псалтирот на псалмописецот Давид“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје* 59, 2005, 231-241.

[35] в. Р. Дуев, 2003, сл. 6.

[36] в. Р. Дуев, 2003, сл. 8.

[37] чиј облик веќе потсетува на по доцнежната китара (и форминга).

[38] в. поопширно Р. Дуев, 2003, 349–351.

[39] Можеби птиците ја симболизираат песната на свирачот, како што жицата (тетивата) на Одисеевата стрела прозвучила како ластовица:

*δεξιτερῇ δ᾽ ἄρα χειρὶ λαβὼν πειρήσατο νευρῆς·*
*ἡ δ᾽ ὑπὸ καλὸν ἄεισε, χελιδόνι εἰκέλη αὐδήν.* (*Од.* 21. 410-411)

[40] Откако се појавило писмото во Сумер, околу 3400 г. пр. н. е., до првите запишани усни традиционални поеми, околу 2600 г. пр. н. е. поминале 8 века. Најраните натписи во Сумер на плочки биле административни документи за потребите на државата, како и минојските плочки напишани со линеарното А писмо и микенските со линеарното Б писмо. За да се употреби писмото (клинописите) за запишување на поеми и др. нешта требало да

на писмени сведоштва не значи и непостоење на епска поезија, бидејќи станува збор за усна традиција. Сигурно постоела лирска поезија, разни песни кај обичните луѓе, можеби и химни за боговите коишто се своевидна епска поезија. Митовите за старите критски херои Минос, Радамант и Идоменеј, можеби укажуваат на патот на усната традиција. Легендарниот Минос е син на Ѕевс и Европа, сестрата на Кадмо,[41] што укажува на некаков спој меѓу Западот и Истокот. Кипарскиот крал Кинира,[42] како лично име го среќаваме на микенските плочки,[43] за Хомер е современик на Тројанската војна. Тој бил свештеник на Афродита во Пафос и музичар којшто го предизвикал богот Аполон на натпревар, митски зачетник на родот Кинаради, музичари во храмовите каде се негувал пафискиот култ. Самиот назив е семитски идиом за ’професионални свирачи на лира (*kinnor*, китара)‘.[44]

**9.** Многу сведоштва упатуваат на постоење на епски пејачи и усна традиција во микенската цивилизација. Митовите што се пренесени до Хомер, уште од минојскиот период, сведочат за континуитет. Микенскиот пантеон вклучува и источни божества, како Дионис, култот на Мајката Земја и др., што укажува дека Микенците мора да имале допир и со блискоисточната епска традиција. Иако *Мрачното доба*, речиси 4 века, претставува културна деградација, усната традиција опстоила, на што укажува и слојот на стари формулаични стихови кај Хомер.[45] Името Мерион (Μηριόνης), коларот на критскиот крал Идоменеј, се чини дека е идентичен со хурскиот збор *maryannu* (од И.Е. потекло), раширен на Блискиот Исток во XVI и XV век пр. н. е. како назив за *елитен воин на колесница.* Сигурно постоеле поинакви епски циклоси од оние што ги познавал Хомер. Постоењето на формули во Хомеровите епови кои водат потекло од бронзеното доба, упатуваат дека е можно дактилскиот хексаметар, метарот на епските пејачи, да е дел од една долга традиција

---

помине развој од, речиси, еден милениум во Сумер. Можеби катастрофите го спречиле развојот на линеарното А писмо, подоцна и на линеарното Б писмо, со силабограмите да се запишуваат и други содржини освен административните белешки.

[41] Познати се митовите за Кадмо, дојденец од Феникија, основач на Теба, којшто им го донел писмото на Хелените (в. поопширно П. Хр. Илиевски, *Појава и развој на писмото: со посебен осврт кон почетоците на словенската писменост*, МАНУ, Скопје 2001, 68–84). Неговото име нема грчка етимологија, туку семитска - *qdm* со основно значење ’пред, источен,‘ со значење во западносемитските јазици ’исток, од исток, дошлак од исток.‘Личното име *Qdmn* (Qadmōn) значи ’Човек од исток.‘ Според митот Кадмо дошол од Истокот да ја бара грабнатата сестра Европа, чие име се претпоставува дека доаѓа од семитискиот корен *ʿrb* поврзано со грч. ἔρεβος со значење ’зајдисонце, самрак,‘ онаму каде што заоѓа сонцето т.е. *запад*.

[42] Можеби бил крал на Библос или Асирија (M. L. West, 1997, 57)

[43] в. Р. Дуев, 2003, 357–9.

[44] За *Кинира* в. поопширно и C. Baurain, “Kinyras. La fin de l’Age du Bronze à Chypre et la tradition antique,” *BCH* 104 1980, 277-308.

[45] C. J. Ruijgh, 2000, 218-9.

во Егејот, која можеби води потекло од индоевропската прататковина на Микенците.[46]

*Ru-ra-ta-e*, иако се смета дека се поврзани со култот на Мајката Земја,[47] можеби биле наменети за дворецот, да пејат песни за јуначки дела на херои.[48] Постоење на видот кутиеста лира, инструментот на аојдите, во овој период ја дополнува сликата за епскиот пејач. Во Тиринт е пронајден фрагмент од посатка на кој е насликана лира со само три жици, од видот на китари, датиран од доцниот хеладски IIIC период (1200-1100 г. пр. н. е.),[49] што покажува дека лирите со три или четири жици не биле новина во геометрискиот период. Можеби лирите со помал број жици се иновација на епските пејачи, чија намена била особено за пеење епски песни.[50]

---

[46] Наспроти тврдењето на Џ. Бенет (I. Morris - B. Powell (edd.), *A New Companion to Homer*, Leiden: Brill, 1997, 523-527), дека можеби дактилскиот хексаметар има минојско потекло, бидејќи не смее да се заборави на неговата поврзаност со ведската метрика, како дел од индоевропската традиција (сп. Р. Дуев, 2004, 398; G. Nagy, *Comparative Studies in Greek and Indic Meter,* Cambridge, MA: Harvard University Press, 1974; M. L. West, *Introduction to Greek Meter,* Oxford 1999 etc.).

[47] V. Aravantinos - L. Godart - A. Sacconi, 2001, 370-1, 393 (cf. L. Godart, 2001, 10).

[48] П. Хр. Илиевски (приказ), V. Aravantinos - L. Godart - A. Sacconi, 2001 (*ЖА* 51, 89).

[49] E. T. Vermeule - V. Karageorghis, *Mycenaean Pictorial Vase Painting*, Cambridge, 1981, XI. 69; M. Maas - J. Mc. Snyder, 1989, 18, fig. 3b.

[50] Р. Дуев, 2004, 395.

# Epic Singers in the Mycenaean World?


## Summary

The most widely accepted account of the historical development of the aoidoi is that expounded in G. S. Kirk's theory which locates the origins of epic poetry in the cultural decline of the 'Dark Age'. According to this account, post-Mycenaean Greeks sought in a nostalgic manner to revive memories of the heroic past of the Mycenae through their epic poetry. Kirk's hypothesis is clearly romantic vision, however, and an alternative approach which seeks the origins of epic poetry in a much earlier period - in the Mycenaean world itself - has since emerged. The problem calls for an interdisciplinary approach: an archaeological, historical, philological, linguistic and comparative analysis, including an interpretation of the issue from a musicological aspect - all of which further complicates the task of research.

Analysis of the Linear B records shows that, although the word aoidoi cannot be found on the tablets, the existence of box lyres - the traditional instrument of the aoidoi - in this period can be corroborated through *ru-ra-ta-e* (TH Av 106); the personal names *Ru-ro* (KN V 832, PY Aq 64, PY Jo 438); and *Ki-ny-ra* (PY Qa 1301, Vn 865 and maybe in PY Aq 218). These were the names of functionaries in Mycenaean society and this fact confirms the importance of this instrument for the upper classes. The connection of Ki-ny-ra with the Semitic knr reveals the influence of other Mediterranean cultures on Mycenaean culture. The ethnics *Ai-ku-pi-ti-jo*, *Mi-sa-ra-jo*, *Ai-ti-jo-qo* and *Tu-ri-jo* also demonstrate the existence of relations between the Mycenaean and other Mediterranean civilizations of this period in which epic poetry prospered; and this fact shows that it would have been impossible for the Mycenaeans not to have learnt anything about such singers and poetry.

Archaeological findings corroborate the existence of the lyre in this period, in particular the lyre-player depicted in the fresco in the throne-room at Pylos, who undoubtedly resembles an aoidos. Even if we accept claims that all such representations existed only in the context of a cult, this would serve simply to confirm rather than deny the existence of aoidoi. Moreover, given that Demodocus sings of the love between Ares and Aphrodite in The Odyssey, we can claim that religious hymns were a part of the repertoire of the aoidoi together with epic poetry.

The emergence of epic poetry cannot be associated with the end of the Mycenaean civilization. Such catastrophes had occurred before in the Aegean. The greatest of these, the eruption of the volcano Terra, happened in the middle of the second millennium BC and brought about the end of Minoan civilization. According to the theories of G. S. Kirk and S. Deger-Jalkotzy, the destruction of the Minoan palaces should have produced an epic tradition within Mycenaean civilization.

A fragment of a vessel discovered in Tyrint (1200-1100 BC), on which a lyre with only three strings is depicted, demonstrates that lyres with three or four strings were not unheard of in the 'Dark Age'. The presence of formulae in Homeric epics originating from the Bronze Age suggests that it is possible that the dactyl hexameter, the meter of the epic singers, formed part of a long tradition in the Aegean, a tradition which may have extended as far back as to the original Indo-European 'fatherland' of the Mycenaean Greeks.

## Библиографија

Aravantinos V., "Mycenaean Texts and Contexts at Thebes: The Discovery of New Linear B Archives on the Kadmeia," *Floreant Studia Mycenaea* I, Salzburg, Wien 1999, 45-78

Aravantinos V. - Godart L. - Sacconi A., *Thèbes. Fouilles de la Cadmée. I. Les tablettes en linéaire B de la Odos Pelopidou. Édition et commentaire*, Pisa - Roma 2001

Baurain C., "Kinyras. La fin de l'Age du Bronze à Chypre et la tradition antique," *BCH* 104 1980, 277-308

Chadwick J., *Documents in Mycenaean Greek*, (second edition) Cambridge, 1973

Дуев Р., „За микенската лира", *Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје* 56, 2003, 341-362

Дуев Р., „Авлоси (au-ro? - αὐλοί) во Микенскиот свет?", *Жива Антика* 53, 2003, 15-22

Дуев Р., „Музиката кај Хомер", *Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје* 57, 2004, 389-414

Дуев Р., „Псалтирот на псалмописецот Давид", *Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје* 59, 2005, 231–241

Godart L., «Il nome dell'aedo nella Grecia dell'Età del Bronzo», *Rendiconti dell'Accademia Nazionale dei Lincei*, s. IX, vol. XII, fas. 1, Roma 2001

Gordon C. L., *Before the Bible. The Common Background of Greek and Hebrew Civilisations,* London 1962

Илиевски П. Хр., *За античката прозодија во македонски препев*, Скопје 1997

Илиевски П. Хр., *Животот на Микенците во нивните писмени сведоштва*, МАНУ, Скопје 2000

Jorro F. A., *Diccionario Micénico*, I-II, Madrid 1985, 1993

Kirk G. S., *Homer and the Oral Tradition*, Cambridge 1976

Maas M. - Snyder J. Mc., *Stringed Instruments of Ancient Greece*, New Haven /London, 1989

Moran W. L., *The Amarna Letters*, Baltimore & London 1992

Morris I. - Powell B., (edd.), *A New Companion to Homer*, Leiden: Brill 1997

Mylonas Share I., *Tales of Heroes: The Origins of the Homeric Texts*, New York-Athens 2000

Nagy G., *Comparative Studies in Greek and Indic Meter,* Cambridge, MA: Harvard University Press, 1974

Palaima T., "Apendix one: Linear B sources", in S. M. Trzaskoma, R. Scott Smith and S. Brunet (ed.), *Anthology of Classical Myth*, Hackett Publishing Company 2004, 439-454

Panayotou A., «La tradition orale, Homère et les débuts de l'écritur alphabétique en Grèce», *Жива Антика* 50, 2000, 77-124

Ruijgh C. J., «La genèse du dialecte homérique», *Жива Антика* 50, 2000, 213-29.

Ruijgh C. J., «D'Homère aux origines proto-mycénienne», in J. P. Crielaard (ed.), *Homeric Questions*, Amsterdam 1995, 1- 96

Stella L. A., *Tradizione micenea e poesia dell'Iliade*, Rome 1978

Vermeule E. T. - Karageorghis, V., *Mycenaean Pictorial Vase Painting*, Cambridge 1981

West M. L., *The East Face of Helicon: West Asiatic Elements in Greek Poetry and Myth,* Oxford 1997

West M. L., *Introduction to Greek Meter*, Oxford 1999

Younger J. G., *Music in the Aegean Bronze Age*, Jonsered (Sweden): Paul Åströms Förlag 1998